# ЗАПИСНИК
## од десеттата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 15.9.2025 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Маја Дамевска, Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, Горјан Шекеринов, Арѓенд Целили.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори десеттата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата почна во 10:05 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записникот од првото продолжение на осмата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.8.2025 година.
2. Усвојување на Предлог-записникот од деветтата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.8.2025 година.
3. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка на услуга: обезбедување податоци, добиени со електронско мерење, за гледаноста на платеното политичко рекламирање, со детални податоци за емитуваното ППР на националните терестријални телевизии за време на Локалните избори 2025 година.
4. Предлог за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка на стока: ситен и потрошен информатички материјал.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од првото продолжение на осмата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.8.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од деветтата седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 25.8.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Господинот Трајчевски го образложи предлогот за одобрување постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: обезбедување податоци добиени од електронско мерење на гледаноста на платеното политичко рекламирање со детални податоци за емитуваното ППР на националните терестријални телевизии за време на Локалните избори 2025 година. Тој информира дека Советот веќе предвидел средства во финансискиот план за оваа набавка и дека податоците се потребни за спроведување на изборниот процес. Првично било планирано постапката да се спроведе со преговарање, бидејќи само една компанија во Македонија – „АГБ Нилсен“ (AGB Nielsen) – врши електронско мерење гледаност со пиплметри. Меѓутоа, Бирото за јавни набавки не дало согласност за таква постапка. Господинот Трајчевски нагласи дека ситуацијата е итна и дека нема време за дополнителни преговори со Бирото за јавни набавки. Иако е јасно дека само една компанија може да конкурира, сепак мора да се спроведе редовна постапка.

Советникот Виктор Павловски праша зошто не била разгледана можноста податоците да се обезбедат од Телеком или од А1, кои дигитално ги следат корисниците и може да понудат релевантни информации.

Господинот Трајчевски појасни дека само Телеком располага со повратен сигнал, но панелот што го има не е репрезентативен – односно недостигаат клучни параметри, како возраст, пол, образование и рурално-урбани разлики. Единствено „АГБ Нилсен“ има воспоставен репрезентативен панел од околу 500 домаќинства, дополнет со специјално „бустирани“ пиплметри за албанското население. Податоците од Телеком, иако пошироки, не можат да се користат за статистички валидно мерење гледаност. Потенцираше дека „АГБ Нилсен“ е единствената меѓународно признатa компанија што има репрезентативен примерок во Македонија. При изборот во 2019 година Агенцијата дури барала од Телеком да се користат нивните податоци, но глобално само три компании („АГБ Нилсен“, ГФК и Кантар медиа) вршат електронско мерење кое е прифатено. Податоците од телекомуникациски оператори никаде не се користат како репрезентативен извор. Заклучи дека само „АГБ Нилсен“ располага со лиценца и капацитет за овие податоци. Повтори дека иако нема конкуренција, постапката мора формално да се спроведе како јавна набавка.

Советот на Агенцијата со шест гласа за и еден воздржан, од Виктор Павловски, даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување постапка за јавна набавка - услуга: обезбедување податоци, добиени со електронско мерење, за гледаноста на платеното политичко рекламирање, со детални податоци за емитуваното ППР на националните терестријални телевизии за време на Локалните избори 2025 година.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување постапка за јавна набавка – стока: ситен и потрошен информатички материјал. Истакна дека набавката е предвидена со Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за 2025 година. Таа појасни дека целта на набавката е да се задоволат секојдевните потреби на вработените во Агенцијата, пред сè за вршење мониторинг на Локалните избори во 2025 година, а и за другите активности на Агенцијата. Во однос на финансиските средства, информираше дека оваа набавка ќе биде спроведена како набавка од мала вредност и постапката ќе почне со објавување оглас на електронскиот систем за јавни набавки. Другите детали се содржани во материјалите што беа доставени до членовите на Советот за разгледување на оваа точка.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување постапка за јавна набавка - стока: ситен и потрошен информатички материјал.

**Точка 5**

**Разно**

Советничката Гордана Мајнова побара информација во врска со средствата што Владата ѝ ги доделила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во износ од околу 11.270.000 денари за изборните активности. Таа побара појаснување за што конкретно ќе се користат овие средства.

Директорот Зоран Трајчевски информира дека по завршувањето на седницата ќе им биде доставен дописот испратен до Министерството за финансии со точните ставки, бидејќи во моментот може само грубо да наброи. Средствата биле предвидени за транскодирање на сигналот што го добива Агенцијата, за услуги на Агенцијата за вработување во врска со ангажманот на лица кои ќе бидат вклучени во процесот, за покривање трошоци за електрична енергија и телефонски услуги, како и за други технички потреби. Тој посочи дека парите сè уште не биле префрлени на сметката на Агенцијата, но се очекувало тоа да се случи во текот на неделата, согласно законската обврска од Изборниот законик.

Мајнова дополнително праша дали станува збор за лицата кои преку Агенцијата за вработување ќе бидат ангажирани за мониторинг. Трајчевски потврди дека средствата се наменети и за нив, како и за технички елементи, транскодирање, одржување софтвер и сè друго поврзано со изборниот процес. Тој нагласи дека средствата се префрлаат на посебна наменска сметка и по завршувањето на изборите Агенцијата има обврска да достави извештај до Владата за нивната намена, а неискористениот дел да го врати. Вообичаено, Агенцијата трошела околу 50% од доделените средства.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

________________________
**м-р Сашо Стефановски**